ЦЕНТРАЛНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА

СДСМ
ЦИК-СДСМ

| Примено: | 31.05.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Час: |
| 0209 | 2 | | |

Согласно Одлуката за распишување на вонредни избори за Претседател на СДСМ со архивски бр: 03-149/1 од **27.05.2024 година**, а врз основа на член 9, став 2, алинеја 3 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ со архивски број: 03-156/1 донесен на ден 30.05.2024 година, за вонредни избори, Централната изборна комисија донесе:

# **Р О К О В Н И К**

**за извршување на изборните дејствија за спроведување на вонредни избори за Претседател на СДСМ и за начинот и постапката за активна регистрација**

**30.05.2024 – 30.06.2024**

## I. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

1. Одлуката за распишување на изборите ја носи Извршниот одбор на СДСМ и со неа се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и денот на одржување на изборите. Одлуката за распишување на вонредни избори се доставува до Централната изборна комисија.
2. Одлуката за распишување на вонредни избори се објавува на веб страната на СДСМ. Од денот на распишување на изборите до денот на одржување на изборите не може да помине повеќе од 90 дена.
3. Изборите за Претседател на СДСМ се распишуваат и одржуваат според одредбите од Статутот на партијата и Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ на вонредни избори.
4. Извршниот одбор на СДСМ со Одлука со архивски број: 03-149/1 од 27.05.2024 година со важност од 30.05.2024 година, ги распиша вонредните избори за Претседател на СДСМ на **30.05.2024 година.**
5. **Изборите за Претседател на СДСМ ќе се одржат на 30.06.2024 година**.

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

1. Централната изборна комисија донесува Роковник за извршување на изборните дејствија и спроведување на изборите и за начинот и постапката за активна регистрација (во понатамошниот текст – Роковник), **најдоцна до 31.05.2024 година.**

2. Централната изборна комисија ќе го ревидира составот на Општинските изборни комисии (ОИК – во понатамошниот текст), како и составот на Избирачките одбори (ИО – во понатамошниот текст) на предлог на ОИК, во рок од 5 дена, **најдоцна до 05.06.2024 година.**
3. ЦИК најдоцна 7 дена пред денот на изборите, го потпишува избирачкиот список на сите избирачки места во соодветната ОО на СДСМ, **најдоцна до 23.06.2024 година.**
4. ЦИК издава акредитации на овластени претставници на кандидатите за следење на работата на телата за спроведување на изборите без право на глас, **најдоцна до 26.06.2024 година.**

## III. ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И ЈАВЕН УВИД

1. Претседателот на СДСМ се избира на вонредни избори, во кои учествуваат сите членови на СДСМ, кои се запишани во избирачкиот список, врз основа на спроведена активна регистрација на членство, **од 01.06.2024 година до 20.06.2024 година.**
2. Извршните одбори на општинските организации на СДСМ ќе одржат седница во проширен состав со претседатели на месни одбори, **најдоцна до 01.06.2024 година.**
3. Податоците од активна регистрација се внесуваат во единствена база на податоци за членство, **најдоцна до 20.06.2024 година.**
4. Секретарот на ОО на СДСМ изготвениот записник за вкупниот број на активно регистрирани членови на ниво на ОО на СДСМ го доставува до ЦИК во електронска ПДФ форма, **најдоцна до 21.06.2024 година.**
5. Сумарните резултати од активната регистрација, секторот ИТ од СДСМ да ги достави до Централна изборна комисија **најдоцна до 21.06.2024 година.**
6. ОИК е должен да овозможи во рамки на Општинската организација секој член да изврши увид во избирачкиот список, **најдоцна до 22.06.2024 година.**
7. Членови на СДСМ кои не се пронајдени во избирачкиот список имаат право на приговор до ЦИК, преку ОИК, **најдоцна до 23.06.2024 година.**
8. ЦИК по приговорот на член кој не е пронајден во избирачкиот список, **постапува веднаш.**
9. ЦИК го потпишува Избирачкиот список на СДСМ најдоцна 7 дена пред денот на одржување на изборите врз основа на донесена Одлука за вкупниот број на активно регистрирани членови на СДСМ за гласање за Претседател на СДСМ, **најдоцна до 23.06.2024 година, 23:59 часот.**

## IV. ПОДНЕСУВАЊЕ НА КАНДИДАТУРА

1. Право на кандидирање на изборите за Претседател на СДСМ имаат сите членови на СДСМ кои ги исполнуваат условите и критериумите предвидени со Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ на вонредни избори.
2. Во рок од 7 дена од денот на распишување на изборите за Претседател на СДСМ, членовите на СДСМ ја доставуваат својата кандидатура до ЦИК, **најдоцна до 06.06.2024 година до 16:00 часот.**
3. По истекот на рокот од точка 2, ЦИК ја потврдува и објавува листата на кандидати за Претседател на СДСМ и со ждрепка го утврдува нивниот редослед, **најдоцна до 07.06.2024 година.**

## V. ИЗБОРНО ПРЕСТАВУВАЊЕ

1. Изборното претставување на кандидатите за Претседател на СДСМ, ЦИК го регулира со посебен акт.
2. По потврдување и објавување на листата на кандидати за Претседател на СДСМ, кандидатите ќе имаат изборно претставување и ќе трае, **најдоцна до 28.06.2024 година.**

## VI. ИЗБИРАЧКИ МЕСТА

1. ЦИК ќе го определи бројот и описот на избирачките места во рок од 24 часа од донесувањето на Одлуката за вкупниот број на активно регистрирани членови за избор на претседател на СДСМ, **најдоцна до 24.06.2024 година.**
2. ОИК е должен да ги извести сите членови на подрачјето на таа Општинска Организација за нивното избирачко место по телефонски пат, СМС или преку електронска пошта.

## VII. ГЛАСАЊЕ НА БОЛНИ И НЕМОЌНИ ЛИЦА

1. Гласањето на болни и немоќни лица ќе се изврши еден ден пред денот определен за одржување на изборите – **на 29.06.2024 година.**
2. Гласачот кој не е во можност да гласа на избирачкото место (немоќно или болно лице) а сака да гласа, за тоа ќе ја извести Општинската изборна комисија 7 дена пред денот определен за гласање - најдоцна до **22.06.2024 година.**
3. Гласањето на болни и немоќни лица ЦИК го регулира со посебен акт.

## VIII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ПОСТАПКА НА ГЛАСАЊЕ

1. Изборот за Претседател на СДСМ се спроведува со тајно гласање на избирачките места. За избран се смета кандидатот за Претседател на СДСМ кој ќе освои мнозинство гласови од вкупниот број на членови на СДСМ кои гласале.
2. ОИК е должна на денот на изборите, **во период од 06:00 часот до 07:00 часот наутро**, да го предаде изборниот и техничкиот материјал на избирачките одбори на подрачјето на Општината за која е основана.
3. Гласањето започнува во 8:00 часот и трае непрекинато **до 20:00 часот**. Доколку гласањето од одредени причини не **започне во 8:00 часот**, или истото е прекинато подолго од 1 час, се продолжува за времето на доцнење односно времето на прекин.
4. Избирачките места се **затвораат во 20:00 часот**, а на гласачите кои во тоа време се затекнале на избирачките места, задолжително им се дозволува да гласаат.
5. По завршување на гласањето избирачкиот одбор е должен да ги преброи неискористените гласачки ливчиња и да ги стави во посебен плик кој ќе биде запечатен. Избирачкиот одбор го утврдува вкупниот број гласачи кои гласале на тоа избирачко место, според изводот од избирачкиот список. Изборниот материјал заедно со запечатената гласачка кутија, Избирачкиот одбор е должен да ги достави до ОИК, **најдоцна во рок од 2 часа од затварањето на избирачкото место.**

6. ЦИК ги сумира и утврдува резултатите од гласањето **во рок од 24 часа од часот на затворање на избирачките места.**
7. ЦИК утврдува и објавува конечни резултати од спроведените избори **најдоцна во рок од 72 часа од часот на затворање на избирачките места.**
8. Доколку ниту еден кандидат не го освои потребниот број на гласови од претходната точка, во рок од седум дена се спроведува втор круг на гласање помеѓу двајцата кандидати кои освоиле најмногу гласови во првиот круг на гласање. **Вториот круг на гласање ќе се одржи на 07.07.2024 година.**
9. **Вториот круг на гласање ќе се спроведе врз основа на веќе потврдениот Избирачки список од страна на ЦИК за првиот круг на гласање.**
10. Доколку двајцата кандидати во вториот круг на гласање освојат ист број на гласови, Претседателот на СДСМ го избира Конгресот на СДСМ.
11. Присутните претставници на кандидатите за Претседател на СДСМ имаат право на забелешки за изборниот процес и истите треба да бидат евидентирани во записникот. Ако на присутните претставници на кандидатите за Претседател на СДСМ не им бидат евидентирани забелешките од оваа точка, имаат право истите да ги достават до ОИК **најдоцна во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.**
12. ОИК Записникот за работа и другиот изборен материјал ги доставува до ЦИК, најдоцна **во рок од 24 часа** од затворањето на избирачките места.

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
**ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СДСМ